РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 24. 06. 2010 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 2 397/1 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ" бр. 58/00 и 44/02) и член 30 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ" бр. 103/08), министерот за образование донесе наставна програма по предметот *македонски јазик* за III одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

**АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ОШТЕТЕН ВИД**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

## III одделение

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, април 2010

## 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО III ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да се оспособи за диференцијација на прстите според Реј и Бисе;
- да се оспособии за анализа и синтеза на точките во Брајовите симболи;
- да се оспособи за симултана анализа на напишаните графеми;
- да изгради тактилно-кинестетска шема на движењата и да воспостави контрола на движењата;
- да се оспособува за воочување, помнење и разликување на буквите според релјефните слики на буквите при пишувањето;
- да се оспособува за координирање и синхронизирање на движењата на прстите при пишувањето;
- да се стекне вештини и навики за контрола на напишаните зборови и текстови и корекција на грешките;
- да се оспособи да чита и пишува текст со Брајови букви и печатни и ракописни латински букви (за слабовидните ученици);
- да користи правилен ред на зборовите во реченицата;
- да препознава именки, придавки, главни и редни броеви и глаголи и да ги разликува како видови зборови;
- да се оспособува за користење на елементарните граматички и правописни норми при читањето и пишувањето (користејки ги Брајовите знаци);
- да ги коригира грешките кои се јавуваат во испуштањето на перцепцијата на точките во Брајовите букви, кај Брајовите букви со коса проекција и губење на редот при читањето;
- да се оспособува да постигне брзина на читање и акцентирање на зборовите и речениците при читањето;
- да се оспособи за читање со разбирање;
- да се оспособува да чита и прераскажува усно и писмено литературни дела од уметничката и народната литература соодветна на возраста;
- да се оспособува да раскажува усно и писмено на литературен јазик;
- да се оспособува да учествува во разговор преку активно вклучување и самостојно искажување на своите доживувања, чувства и факти;
- да го збогатува речникот со нови зборови;
- да развива чувство на припадност кон својата и почит кон другите култури;
- да се оспособи да се ориентира на Брајова читанка и други учебници;

- да се оспособува за самостојно користење на Брајовата машина;
- да ја совлада техниката за пишување на Брајова машина;
- да се оспособи за синхронизираност во притискањето на типките (тастерите) на Брајовата машина;
- да се поттикнува да следи содржини од различни медиуми и да пренесува кратки информации за нив;
- да се оспособува за примена на ИКТ во функција на предметот;
- да постигне брзина на течно, емотивно и естетско читање на целината на зборовите, речениците и содржината на текстовите;
- да се здобие со сигурност, навика и вештина во граматичкото и изразно читање со разбирање;
- да ја развива желбата за читање;
- да го развива литературниот говор како компензаторно средство во недостиг на видот.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ПОЧЕТНО ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ (ЛАТИНИЦА) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да се запознае со редот на буквите во Брајовата азбуката;<br>▸ да се оспособува за тактилно воочување, помнење и разликување на Брајовите букви;<br>▸ да се оспособува да пишува на Брајова машина;<br>▸ да се оспособува да чита и да пишува зборови и текст со печатни букви на латиница;<br>▸ да се оспособува за правилно ориентирање на редовите од текстот;<br>▸ да ги усвои малите и големите ракописни латински букви и нивното поврзување во зборови;<br>▸ да се оспособува да | Азбука<br><br>Графички симболи (печатни латински букви)<br><br>Релјефни букви на македонската латиница<br><br>Сликовни Брајови букви со различна проекција<br><br>Усвојување на брзината на пишување на Брајова машина<br>Усвојување на големите и малите печатни латински букви преку поединечно и групно пишување<br>Усвојување на големите и малите ракописни латински букви преку поединечно и групно пишување | ▸ Азбука<br><br>▸ Македонска латиница (печатни букви)<br><br>▸ Брајова азбука<br><br>▸ Македонска латиница (ракописни букви) | ▸ Вежби за кажување на буквите по азбучен ред.<br>▸ Вежби за воочување на разликите и сличностите помеѓу буквите на македонската кирилица (Брајовите букви) и македонската латиница за слабовидните ученици.<br>▸ Вежби за воочување на релјефните букви на македонската латиница за учениците кои се описменуваат со Брајово писмо.<br>▸ Вежби за читање на зборови и текст и нивно поврзување во реченицата со Брајова машина.<br>▸ Вежби за читање со разбирање на текстот.<br>▸ Вежби за пишување на зборови на латиница за усовршување на пишувањето печатни букви на латиница.<br>▸ Вежби за читање на зборови и текст и ориентирање на редовите на страниците. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| пишува зборови и куси реченици со ракописни латински букви;<br>▸ да се оспособува да ги пронаоѓа грешките при пишувањето на Брајовата машина на Брајови букви со вертикална проекција;<br>▸ да се оспособува да ги пронаоѓа грешките при пишувањето на Брајовата машина со Брајови букви со хоризонтална проекција;<br>▸ да се оспособува да ги пронаоѓа грешките при пишувањето на Брајовата машина со Брајови букви со коса проекција. | Усвојување на пишувањето на Брајова машина | | ▸ Вежби за проверка и корекција на напишаниот текст.<br>▸ Вежби за употреба на малите и големите ракописни латински букви преку поединечно пишување и пишување на зборови и куси реченици.<br>▸ Вежби за правилно пишување и за поврзување на буквите во зборот и во реченицата.<br>▸ Вежби за пишување и пронаоѓање на грешките при пишувањето на Брајовата машина на Брајови букви со вертикална проекција.<br>▸ Вежби за пишување и пронаоѓање на грешките при пишувањето на Брајовата машина на Брајови букви со хоризонтална проекција.<br>▸ Вежби за пишување и пронаоѓање на грешките при пишувањето на Брајовата машина на Брајови букви со коса проекција. |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ЈАЗИК (ГРАМАТИКА) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да составува правилно реченица и правилно да ги подредува зборовите во реченицата; | Редот на зборовите во реченицата | ▸ Збороред во реченицата | ▸ Вежби за составување реченици по правилен редослед на зборовите во реченицата. |
| ▸ да разликува расказна, прашална и извична реченица и правилно да ги употребува; | Расказна, прашална и извична реченица | ▸ Расказна, прашална и извична реченица | ▸ Вежби за воочување и составување на прашални, расказни и извични реченици во усна и писмена форма според начинот на искажување и според интерпункциските знаци. |
| ▸ да разликува потврдна и одречна реченица; | Потврдна и одречна реченица | ▸ Потврдна и одречна реченица | ▸ Вежби за разликување и употреба на потврдна и одречна реченица. |
| ▸ да ги препознава помалите делови на реченицата (збор, слог и глас); | Збор во реченицата, слог и глас во зборот | ▸ Збор<br>▸ Слог<br>▸ Глас | ▸ Вежби за определување на бројот на зборовите во реченицата.<br>▸ Вежби за определување на бројот на слоговите во зборот.<br>▸ Вежби за определување на бројот на гласовите во зборот.<br>▸ Синтетички вежби за составување на зборови со помош на дадени слогови и гласови. |
| ▸ да ги утврди знаењата за именките;<br>▸ да го усвојува поимот за | Општи и сопствени именки | ▸ Општи и сопствени именки | ▸ Вежби за разликување на општите и сопствените именки од другите зборови. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| општи и сопствени именки;<br>▸ да ги препознава општите и сопствените именки во реченицата; | | | |
| ▸ да разликува род и број кај именките; | Род и број кај именките | ▸ Род и број | ▸ Пишување реченици со дадени именки со почитување на категориите род и број. |
| ▸ да ги усвојува придавките како зборови кои стојат до именките и да ги објаснува; | Придавки | ▸ Придавки | ▸ Вежби за разликување на придавките од другите видови зборови, без нивна поделба на видови (описни, материјални, итн.).<br>▸ Вежби за правилна употреба на придавките во реченицата. |
| ▸ да стекнува поим за главни и редни броеви и да ги разликува едните од другите; | Броеви - главни и редни | ▸ Главни броеви<br>▸ Редни броеви | ▸ Вежби за разликување на броевите од другите зборови.<br>▸ Вежби за разликување на главните од редните броеви.<br>▸ Вежби за правилно пишување на редните броеви (особено оние што завршуваат на -т). |
| ▸ да го усвои поимот за глаголот како збор кој означува работа, дејство, состојба. | Глаголи | ▸ Глаголи | ▸ Вежби за усвојување на глаголите како видови зборови и нивно разликување од останатите зборови во реченицата и во текстот.<br>**Напомена: се препорачува препознавање на глаголите без определување што означуваат: дејство, состојба или работа.** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ▸ да се оспособи правилно да употребува голема буква при пишување на сопствените имиња и презимиња, географските поими и празниците; | Голема буква при пишување на сопствените имиња и презимиња, географските поими и празници | ▸ Голема буква | ▸ Вежби за употреба на голема буква при пишување на сопствените имиња. |
| ▸ да ја знае функцијата на интерпункциските знаци и правилно да ги применува при читањето и пишувањето со Брајова азбука. | (Брајови симболи за интерпункциски знаци)<br>Интерпункциски знаци:<br>▪ точка<br>▪ запирка<br>▪ прашалник<br>▪ извичник<br>▪ две точки | Интерпункциски знаци:<br>▪ точка<br>▪ запирка (при набројување<br>▪ прашалник<br>▪ извичник<br>▪ две точки | ▸ Вежби за препознавање и примена на интерпункциските знаци со Брајови симболи. |

- Сите граматички категории учениците ги усвојуваат како видови зборови, а не ги усвојуваат преку дефиниции.

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ЧИТАЊЕ ЛИТЕРАТУРА И ЛЕКТИРА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да се оспособува за правилно гласно читање;<br>▸ да се оспособува за изразно читање со почитување на интерпункциските Брајови знаци (правилна артикулација на гласовите, зборовите и речениците, интонација, дикција, темпо и паузи при читањето);<br>▸ да се оспособува за читање во себе со разбирање на текстот;<br>▸ да се оспособува за драмско читање (со имитирање на говорот на ликовите во текстот); | Логично читање:<br>а) гласно читање<br>б) изразно читање<br><br>Читање во себе<br><br>Драмско читање | ▸ Гласно читање<br>▸ Изразно читање<br>▸ Читање во себе<br>▸ Драмско читање | ▸ Вежби за правилно гласно и логичко читање со почитување на интерпункциските знаци.<br>▸ Вежби за акцентирање на зборовите (зборовен акцент).<br>▸ Вежби за правилно изговарање на зборовите во реченицата.<br>▸ Вежби за пресретнување грешки во изговорот на зборовите.<br>▸ Вежби за читање на текстови пишувани со македонско кирилско, Брајово македонско писмо и македонско латинско писмо. |
| ▸ да се оспособува за воочување на редоследот на настаните во текстовите;<br>▸ да се оспособува за самостојно определување на содржинската структура (план на текстот);<br>▸ да се оспособува за самостојно определување на главните и споредните ликови; | Хронолошки ред на настаните во расказ, бајка, басна, драмски текст<br><br>Содржинска структура на текстот (план на | ▸ Лик<br>▸ Редослед на настаните<br>▸ План | ▸ Вежби за препознавање и разликување на расказ, бајка, басна и драмски текст.Вежби за воочување на редоследот на настаните во текстовите.<br>▸ Вежби за самостојно определување на содржинската структура-извлекување на главна мисла.<br>▸ Вежби за препознавање и разликување на главните од |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ▶ да се оспособува за определување на особините на ликовите и нивниот опис; | текстот)<br><br>Определување на ликови - главен и споредeн<br><br>Опис и особини на ликовите | | споредните ликови.<br>▶ Вежби за определување на особините на ликовите и за опишување на нивниот надворешен изглед. |
| ▶ да се оспособува да ги запознае поговорките и гатанките како народни мудрости;<br>▶ да се оспособува да ги разликува поговорките и гатанките од останатите видови текстови; | Поговорки и гатанки | ▶ Поговорки и гатанки | ▶ Вежби за учење и примена на гатанки и поговорки и разбирање на нивната содржина.<br>▶ Вежби за примена на поговорки и гатанки при анализа на текстот (при извлекување на поука од текстот - идејната основа). |
| ▶ да се оспособува да разликува песна (стихотворба) од другите видови текстови (проза и драмски текст);<br>▶ да се оспособува да разликува стих од строфа;<br>▶ да научи што е рима; | Песна (звучна литература)<br><br>Стих, Строфа<br>Рима | ▶ Песна<br>▶ Стих, Строфа<br>▶ Рима | ▶ Вежби за рецитирање на песни.<br>▶ Вежби за разликување стих, строфа и рима во песната. |
| ▶ да се оспособува самостојно да ја чита книгата за лектира;<br>▶ да забележува непознати зборови, изрази, убави реченици; | **Да се обработат четири книги за лектири.** | ▶ Лектира | ▶ Запознавање на учениците со насловите на лектирните дела што ќе се обработуваат во текот на годината.<br>▶ Запознавање со биографските |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ▸ да се запознава со биографските податоци на авторот;<br>▸ да се оспособува да одговара на прашања и да поставува прашања во врска со содржината на текстот;<br>▸ да ја открива тематско-идејната основа на текстот ( за што станува збор во книгата и што кажува текстот);<br>▸ да ги анализира ликовите од лектирата (главни и споредни - нивните особини и опис).<br>▸ **Напомена: да не се врши писмено прераскажување на содржината на лектирите.** | | | податоци за авторите на лектирните дела.<br>▸ Запознавање и доживување на содржината на книгата за лектира.<br>▸ Вежби за определување на тема, идеја, главни и споредни ликови и нивните особини.<br>▸ Поттикнување на учениците да прочитаат и други дела од авторот на книгата за лектира. |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да се оспособува да прераскажува куси содржини;<br>▸ да се оспособува да раскажува видени, доживеани настани, настани според слики и според дадени зборови;<br>▸ да се оспособува да опишува предмети, суштества, содржини од слики;<br>▸ да се оспособува да известува за слушнат или доживеан настан;<br>▸ да се оспособува да го осмисли крај от на расказ по даден почеток;<br>▸ да се оспособува да раскажува усно на тема по сопствен избор; | Прераскажување на куси текстови (расказ, бајка, басна)<br>Раскажување на доживеан настан,<br>Раскажување по низа слики<br>Раскажување по дадени зборови<br><br>Опишување: предмет, суштество, содржина на слика и др.<br><br>Известување за виден, слушнат и доживеан настан | ▸ Прераскажување<br>▸ Раскажување<br>▸ Опишување<br>▸ Известување | ▸ Вежби за прераскажување на обработени текстови.<br>▸ Вежби за раскажување по дадени слики, дадени зборови и по даден план.<br>▸ Вежби за опишување (по даден план).<br>▸ Вежби за известување по хронолошки даден план.<br>▸ Раскажување на состав пред другите ученици од одделението. |
| ▸ да препишува правилно реченици и кратки текстови;<br>▸ да прераскажува писмено содржина од обработен текст;<br>▸ да раскажува писмено доживувања логички поврзано со правилни и јасни реченици; | Препишување на кратки текстови или делови од текстови (од латиница на латиница, од кирилица на латиница, од | ▸ Препишување<br><br>▸ Прераскажување<br><br>▸ Раскажување | ▸ Вежби за правилно препишување на текстови од кирилица на латиница и обратно.<br>▸ Вежби за писмено прераскажување на кратки текстови, дел од текстови, содржини од гледана |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ▸ да опишува писмено по даден план;<br>▸ да пишува состав, честитка и разгледница. | латиница на кирилица)<br>Писмено прераскажување на обработен текст или дел од текст<br><br>Писмено раскажување на доживеан настан<br><br>Писмено раскажување со даден почеток<br>Писмено опишување на предмет, суштество и лик<br><br>Пишување состав по низа слики и по дадени зборови<br><br>Пишување честитка<br>Пишување разгледница<br>Пишување покана | ▸ Опишување<br><br>▸ Известување<br><br>▸ Честитка<br>▸ Покана<br>▸ Разгледница | претстава, филм и др.<br>▸ Вежби за писмено раскажување на доживеан настан (во училиште, семејство, на излет, изложба и др,);<br>▸ Вежби за писмено опишување на предмет, суштество, лик.<br>▸ Вежби за слободно составување на состави според слика, дадени зборови, по даден почеток и со изменување на крајот.<br>▸ Вежби за пишување на честитки, покани и разгледници. |
| ▸ да се поттикнува да учествува во изведување драмски текст со избор на улоги. | Играње улоги | ▸ Претстава | ▸ Читање и играње улоги според драмски текст. |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: МЕДИУМСКА КУЛТУРА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>▸ да се оспособува да следи радиоемисија и ТВ - емисија и да разговара за нивната содржина;<br>▸ да се поттикнува да следи настани во филм и да се оспособува да го раскажува дејството на филмот;<br>▸ да следи театарска и куклена претстава и да разговара за нивната содржина;<br>▸ да ја научи намената на градските библиотеки и да стекне навика за позајмување и враќање книги од нив;<br>▸ да чита, да прераскажува, да пренесува кратки информации од детскиот и соодветни текстови од дневниот печат;<br>▸ да се запознае со работата на библиотеките надвор од училиштето;<br>▸ да се воведува во пребарување податоци од Интернет. | Радио и ТВ – емисии<br>Филм<br>Театар:<br>а) театарска претстава<br>б) куклена претстава<br>Градска библиотека<br>Звучна библиотека<br>Детски и дневен печат<br>Интернет | ▸ Радио и ТВ – емисии<br>▸ Филм<br>▸ Театар:<br>▸ театарска претстава<br>▸ куклена претстава<br>▸ Градска библиотека<br>▸ Детски печат<br>▸ Интернет | ▸ Вежби за прераскажување на содржина на радио-емисија, ТВ- емисија и филм.<br>▸ Опишување на театарската сцена, костимите и кратко прераскажување на содржината на театарската претстава.<br>▸ Раскажување на впечатоците од посетата на театарската претстава (кино-театарска претстава).<br>▸ Вежби за користење на информациите од печатот и Интернет и разговарање за нивните содржини.<br>▸ Посета, запознавање, намена и користење на библиотека. |

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Предметот **македонски јазик** овозможува интегрирано планирање со наставата по предметите: **запознавање на околината, математика, ликовно образование, музичко образование и физичко и здравствено образование и ориентација и мобилност во просторот**.

*Препораки за користење на годишниот фонд на часови* - 216 часа годишно, 6 часа неделно.

По наставни подрачја се предлага: Почетно читање и пишување - 70 часа; Јазик - 20 часа; Читање, литература и лектира - 80 часа; Изразување и творење - 36 часа; Медиумска култура - 10 часа.

Планирањето на наставата по македонски јазик треба да биде во координација со наставниот план и програмата за овој предмет и да ги опфаќа програмските содржини на сите образовно-воспитни подрачја (Почетно читање и пишување, Јазик, Читање, литература и лектира, Изразување и творење и Медиумска култура). При одредувањето на бројот на часовите за предметните подрачја треба да се имаат предвид и специфичностите на условите за изведување на оваа настава со учениците со оштетен вид, земајќи ги предвид степенот и видот на оштетување и интелектуалниот статус како и можноста од комбинирани пречки во училистето каде што работи наставникот. Со планирањето се има предвид респективната вредност на структурните подрачја. Исто така, треба да се уважува фактот дека на програмските содржини од предметното подрачје, во планот за работа, им се дава место и се планира времето за нивна реализација според нивната образовно-воспитна вредност во однос на програмските цели и задачи. На сите содржини не може и не треба да им се посветува подеднакво внимание во наставата во зависност од степенот и видот на оштетувањето. За учениците кои немаат остатоци на вид акцентот при планирањето треба да биде насочен кон вежбите за усовршување на техниките за читање и пишување на Брајовата азбука и користењето на Брајовата машина. Особено внимание треба да се посвети на воочувањето, помнењето и разликувањето на буквите според релјефните слики на Брајовите букви во пишувањето; механизирање, координирање и синхронизирање на прстите при пишувањето; стекнување на вештините и навиките за контрола на напишаните зборови и реченици и нивна корекција; усвојување на интерпункциските знаци и збогатувањето на речникот во компензаторски цели.

Техниката на читање се увежбува и во овој развоен период со подготовка на следните методски вежби: групно читање на глас на потешки содржини; поединечно читање на глас во увежбувањето на изразното читање; групно тивко читање за постигнување на активноста на ученикот во читањето и читање во себе со проверување на прочитаното.

Ѕ. Хорватовиќ

Посебно внимание треба да им се посвети на учениците со остатоци на видот кои се описменуваат на Брајово писмо, а остатоците од видот ги користат во снаоѓање во секојдневните активности. Кај овие ученици постои тенденција при читањето на Брајовото писмо како и при корекција на напишаното да ги користат остатоците на видот. На тој начин визуелната перцепција ја попречува потполната активност на тактилните рецептори со што се отежнува перцепцијаста на Брајовите букви, а читањето е забавено и отежнато, а исто така е отежнато совладувањето на техниките на читање и пишување.

Појдовна основа при планирањето да биде наставната материја, а временскиот рок да зависи од неа како и од индивидуалните карактеристики на учениците со оштетен вид, степенот и видот на оштетување. Сепак, се препорачува да нема впечатливо големи временски отстапки за содржинската реализација.

- *Наставни средства:*
  - учебник избран на ниво на училиштето  за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот-буквар (македонска латиница) и читанка;
  - учебници кои според тифлодидактичките принципи се прилагодени на учениците со оштетен вид и препечатени на Брајово писмо со релјефни илустрации;
  - учебници кои според тифлодидактичките принципи се прилагодени на оштетениот вид, препечатени со зголемени букви и илустрации без многу детали;
  - албуми со релјефни слики изработени со swell-toch  техника во контекст на содржините во читанката;
  - енциклопедии, речници и сл.;
  - Интернет, образовни софтвери (*Tool Kid* и др.);
  - списанија - традиционално потврдени списанија за деца (одобрени списанија);
  - аудио-визуелни средства и други средства во зависност од предметот -ЦД и др. литературни текстови, радио емисии, звучна читанка);
  - други извори на учење во непосредната околина: модели, скулптури, макети, споменици на културата, музеи, домови на културата, библиотеки, кина, театри, национални паркови итн.

## 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

*ДИЈАГНОСТИЧКО ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ*

На почетокот на учебната година наставникот врши дијагностичко проверување и оценување со цел да ја спознае состојбата: ориентација на основната клетка од Брајовото писмо, воочување и именување на основниот распоред на точките во шестоточката и можните комбинации на читање и пишување на Брајовото писмо; увежбување на кинестетичките движења на раката и прстите, ориентацијата на работната површина и механизирањето и координацијата на прстите од рацете при пишување на Брајовата машина; таква каква што е во функција на квалитетно планирање и реализирање на идните активности. Се спознаваат предзнаењата во најширока смисла на зборот, социјализациските аспекти на развојот, сензорниот развој, емоционалниот развој и физичкиот развој.

*ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ*

Во текот на наставата по македонски јазик во трето одделение се препорачува формативно следење кое вклучува изработка и водење на портфолио на учениците што опфаќа:

- собирање на показатели (детски изработки, творби, искази и сл.) за секој ученик посебно;
- тековни (формативни), однапред подготвени, евалвациони листи за секој ученик, кои се пополнуваат по конкретна негова активност, која е специфична (позитивна или негативна) или студии на случај во кои наставникот ја бележи фактичката состојба;
- инструменти кои се однесуваат на секое програмско подрачје поединечно и во кои наставникот внесува **податоци за постигањата на ученикот во однос на сите развојни аспекти** кои се поттикнуваат со програмата по македонски јазик (когнитивно-интелектуален, социо-емоционален, сензорен и психомоторички аспект).

Постигањата на учениците со оштетен вид ќе зависат од нивото на интелигенција, развиеноста на тактилитетот на прстите, степенот на остатоците на видот, повеќекратната психофизичка попреченост и др. Просечна брзина на читање од106 до 111 букви од непознат текст кај учениците со оштетен вид може да се постигне на крајот од учебната година доколку се спроведат тифлодидактичките современи методи за читање и пишување на Брајовото писмо. *Евалвационите листи примарно се однесуваат на целите кои целосно се постигнуваат на ниво на второ одделение и не се преодни за повисокото одделение.*

*МИКРОСУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ*

На крајот од второто тримесечје, врз основа на сознанијата од формативното оценување, се реализира микросумативно оценување.

*СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ*

Врз основа на целокупните податоци добиени од следењето и формативното оценување наставникот ја констатира (опишува) развојната состојба на секој ученик поединечно, во рамките на секое програмско подрачје.

*ДОСТАПНОСТ И ПРООДНОСТ НА ПОРТФОЛИОТО*

- Портфолиото треба, во текот на целата година, да им е достапно на родителите за да можат да придонесат во квалитетната реализација на наставата по македонски јазик.
- Завршната аналитичко-описна оценка се доставува, исто така, до родителите и станува дел од портфолиото на ученикот.
- Портфолиото на ученикот со прочистени и селектирани податоци продолжува во наредното, повисоко одделение.

*НАЧИНИ НА ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ*

Согласно со природата на програмата по македонски јазик во трето одделение, проверувањето и описното оценување треба да се реализираат *усно, практично, преку презентација и говорни вежби, или сликовно-писмени вежби со подвлекување, заокружување и сл.*

## 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализацијата се темели на Нормативот за простор за I, II и III одделение и за наставните средства за III одделение донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по македонски јазик во трето одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- Филозофски факултет - Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

## 7. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

**Ученикот/ученичката:**

- правилно чита и пишува текстови на кирилско и латинско писмо;
- искажува и пишува реченици со правилен ред на зборовите;
- разликува потврдна и одречна реченица, како и извична, прашална и расказна реченица;
- препознава општи и сопствени именки и точно го определува нивниот род и број;
- препознава придавки и знае да ги користи;
- ги разликува простите од редните броеви и правилно ги пишува повеќецифрените броеви;
- ги користи интерпункциските знаци во реченицата (точка, запирка-во набројување, извичник, прашалник, две точки);
- правилно употребува голема буква (на почеток на реченицата и на сопствени именки);
- ги препознава и разликува глаголите во реченицата;
- прави разлика помеѓу: расказ, бајка, басна, детски роман и драмски текст;
- разликува стих, строфа и рима во песната;
- ја определува содржинската структура на текстот и хронолошкиот редослед на настаните;
- ги определува главните и споредните ликови и нивните карактеристики;
- учествува во разговор, раскажува, известува за настан, опишува предмет, слика, лик и слично;
- се изразува на литературен македонски јазик;
- набројува неколку медиуми од коишто добива информации;
- пренесува кратки информации од медиумите;
- користи ИКТ во содржини од предметот.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
КАБИНЕТ НА МИНИСТЕРОТ
Бр. 07-5211/3
23. 06. 2010 год.
СКОПЈЕ

## 8. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по *македонски јазик* за трето одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид ја донесе

Никола Тодоров,
министер за образование и наука

Скопје 23. 06. 2010